# ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТИ

**м-р Катерина Георгиевска**
**Судија во Врховен суд на РСМ**



# НОСИТЕЛИ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ ПРОФЕСИИ

Регулиран и со посебни закони

- ***АДВОКАТИ***
  ***НОТАРИ***
  ***ИЗВРШИТЕЛИ***

Имаат граѓанско правна одговорност во вршењето на професијата

Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба, која обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, а адвокатите претставуваат вршители на јавни овластувања.
(чл. 53 од Уставот на РСМ),

Правната и регулаторната рамка која ги гарантира самостојноста и независноста на адвокатите се Законот за адвокатура и Кодексот на професионална етика на адвокатите, соработниците и приправниците на АК.

Како посебни прописи со кои се регулира адвокатската професионална дејност е и Статутот на Адвокатската комора и Правилникот за дисциплинска одговорност на адвокатите.

Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

Правната помош на странката се дава совесно и стручно.

Адвокатот не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење при давањето правна помош и вршењето на јавни овластувања.

Правната помош се состои во давање на правни совети, застапување, составување на исправи за правни дела, составување на договори,составување на поднесоци во судски и други постапки, застапување на странките пред судовите, државните органи, одбрана на осомничени и обвинети.

Правна помош не може да се даде кога по истата правна работа адвокатот давал правна помош на спротивната странка, или по истата правна работа постапувал како судија, јавен обвинител.

# Законот за адвокатура уредува

- Обезбедувањето на правна помош од страна на адвокатите на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права во постапката пред судовите, државните органи и други правни лица.
- Граѓанско-правната одговорност за штета причинета од адвокатот при вршењето на својата професија

# Законот за адвокатура, содржи одредби кои се однесуваат на:

- Дејствијата коишто адвокатот е должен да ги извршува
- Правата и должностите кои ги има адвокатот во вршењето на професијата
- За одговорноста на адвокатот
- За дисциплинската одговорност
- За одговорноста за штета сторена на странка или трети лица
- За осигурувањето од одговорност на адвокатот.

Професионалната одговорност е специфичен облик на одговорност поврзана со вршењето на професиите.

Адвокатурата како посебен вид на професионална дејност, се смета за потенцијален извор на опасност за нанесување на штети.

Носителите на адвокатската професија се одговорни за својата работа, за стручно и совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата

Тие се должни одговорно да ја вршат како и да постапуваат со посебно внимание, при тоа почитувајќи ги правилата кои важат во струката, сѐ со цел за да се избегнат штетните последици кои можат да ги претрпат клиентите или трети лица.

# Професионалната одговорност

- граѓанско правна одговорност
- дисциплинска одговорност
- кривична одговорност.

# Професионална одговорност

Граѓанско правната одговорност има големо значење.

Целта на нејзиното постоење се состои во правото на обезбедување на надомест, обештетување на лицата кои ќе претрпат штета поради непрофесионалното однесување на адвокатите.

Оваа одговорност го става адвокатот наспроти корисникот на неговите услуги.

Вршителите на адвокатската професија се должни да се грижат за правилното извршување на дејноста.

Тие се одговорни за својата работа, за преземените дејствија или пропусти кои ќе ги сторат при извршувањето на својата професионална дејност..

# Одговорност за причинета штета

Како потешка повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата, особено се смета неизвршување или очигледно несовесно вршење на работите на правна помош и вршење на јавни овластувања, непостапување по овластувањето и непреземањето дејствија што адвокатот е должен да ги преземе во заштита на правата и интересите на странката и повредување на должноста на чување тајна. (чл. 30 ст.2 од ЗА)

Граѓанско-правната одговорност на адвокатот за надомест на штета е според општите принципи на граѓанското право за одговорност за причинета штета, според одредбите од ЗОО.

Одговорноста на адвокатот произлегува од повредата на договорот, според кој адвокатот е должен да ја надомести штетата на клиентот, во случај на намерно непочитување на своите должности.

Во давање на услугите на своите клиенти и на трети лица, адвокатите се соочуваат со многубројни ризици кои би можеле да резултираат со нанесување на штети на своите клиенти, но и на трети лица, доколку не постапуваат со поголемо внимание.

Во современите правни системи не постојат посебни законски одредби кои би ја уределе одговрноста на носителите на одредена професија.

Во правната теорија има мислењето дека граѓанско-правната одговорност на адвокатот претставува вид на одговорност чие дефинирање е препуштено единствено на судската практика и правната теорија.

Посебните закони и автономните извори на правото, како што се етичките кодекси, содржат правила кои се со општ карактер и немаат за цел да претставуваат основ за востановување на одговорноста за штета, а многу често истите упатуваат на примена на општите правила за одговорност.

# Одговорноста на адвокатот за штета на странката при вршењето на адвокатската дејност

- Одговорноста може да се подведе под одредбите на ЗОО со кои е регулирана одговорноста поради неисполнување на обврските т.н. договорна одговорност

- Во исклучителни случаи одговорноста на адвокатот кон странката ќе може да се подведе и под одредбите на вондоговорната (деликтна) одговорност.

# Договорна одговорност

Кога постои договор помеѓу вршителот на адвокатската дејност и клиентот се применуваат правилата за договорна одговорност.

Во тој случај адвокатите ќе имаат права и обврски кои произлегуваат од договор.

Договорната одговорност на адвокатите ќе постои доколку односот кој се воспоставува помеѓу него и корисниците на услугите има договорна природа.

Повреда на договорната обврска ќе постои кога адвокатите нема да ја извршат својата обврска.

Како лица кои ќе претрпат штета можат да се појават оние кои го имаат својството на страна во облигациониот однос кај кој дошло до негова повреда.

**Секоја „грешка“ (како отстапување од адвокатските стандарди) значи повреда на договорот**

# Вондоговорна одговорност

Во случај кога одговорноста на адвокатот ќе произлезе од повредата на граѓанско – правната норма зборуваме за примена на правилата за деликтна или вондоговорна одговорност, односно субјективна одговорност.

Кај вондоговорната одговорност облигациониот однос за прв пат настанува со чинот на преземање на одредено противправно дејствие од кое настанала конкретната штета.

Страни на тој облигационен однос се:

- штетникот( кој го презел штетното дејствие ) и
- оштетениот(тој што претпел штета).

**Постоење вина (**чл. 145):

(1) Вина постои кога штетникот причинил штета со намера или со невнимание (крајно, обично или друг степен на невнимание предвиден со закон).
(2) Ако штетата е причинета со намера или крајно невнимание, оштетениот треба да го докаже нивното постоење.
(3) Ако пак штетата е причинета со обично невнимание или друг помал степен на невнимание, штетникот треба да докаже дека тие не постоеле.

-*штетно дејствие*: Одредена активност и превземени дејствија од страна на адвокатот кои дејствуваат во негово име и за негова сметка, како резултат на која за оштетениот настанува одредена

-***штета***:
Се појавува во повеќе различни видови, а значајни се следниве видови на штета:
материјална и нематеријална;
обична штета и испуштена корист,
сегашна и идна штета;
предвидлива и непредвидлива штета;
директна и индиректна штета;
конкретна и апстрактна штета

**Меѓутоа при професионална одговорност се надоместува финансиска штета.**

***- причинската врска:*** причина за штета е само оној настан или постапка на чие редовно дејство одговара конкретната штета

# Специфичност на договорните обврски

Вршителот на адвокатската дејност се обврзува да ги употреби професионалните знаења и вештини, дека ќе постапува со потребното внимание за да постигне **одредена цел** во интерес на странката, но **не** се обврзува на постигнување на **одреден резултат**.

**Личната одговорност постои:**

-непостапување согласно принципот на законитост, непристрасност и независност,

-обврската за чување на професионална тајна,

-обврската за давање на правна помош

При вршењето на својата професија адвокатите се должни да постапуваат не со внимание својствено за секој разумен човек, туку со посебно внимание, односно дополнително внимание кое е својствено за носителите на овие професии, а тоа претставува професионално внимание.

Од адвокатите се очекува да ги почитуваат и да се раководат според правилата кои важат во нивната професија, односно закони, подзаконски акти и етичките кодекси.

За професионалната одговорност на адвокатот од значење е  правниот стандард внимание на добар стручњак, кој е предвиден со ЗОО, кој треба да се почитува и применува при вршењето на професионалната дејност и исполнувањето на обврските.

Членот 11 став (2) од ЗОО, предвидува:
„Учесникот во облигациониот однос е должен во извршувањето на обврската од својата професионална дејност да постапува со зголемено внимание, според правилата на струката и обичаите (внимание на добар стручњак).“

Личноста која врши некоја професионална дејност е должен да ја врши дејноста како стручњак, притоа посветувајќи посебно внимание при вршењето на работите од неговиот делокруг и почитувајќи ги правилата кои се однесуваат на конкретната професија.

Генералната одредба содржана во ЗОО е од посебно значење за професионалната одговорност на адвокатот, а која се состои од забраната за предизвикување на штета на друг, односно во членот 9 е предвидено :

„Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета“

Важно е одредувањето на дејствијата кои ги презема адвокатот при вршењето на  дејноста, а од кои притоа може да произлезе одредено штетно дејствие, односно настапување на граѓанско – правна одговорност за надомест на штета.

Кај професионалната одговорност на адвокатот повредата на должното внимание значи постоење на претпоставка за противправност во постапувањето, во однос на одговорноста за штета.

Претпоставката за постоење на противправност во постапувањето ќе биде исполнета кога со превземеното штетно дејствие адвокатот  врши повреда на одредени прописи, што  укажува на тоа дека адвокатот постапувал спротивно на правилата кои важат во струката.

# Германското право

- Предвидува **висок стандард на внимание** и способност од адвокатите при вршењето на дејноста.
- Адвокатот е должен да му обезбеди на клиентот објективно најдобри услуги.
- Однесувањето на адвокатот се споредува како најдобар и највнимателен вршител на професијата, што воедно го олеснува и конкретизирањето на стандардот на должно внимание во праксата, а сето тоа овозможува квалитетна заштита на странките.

Пример:

Пресуда на Врховниот суд кој утврдил одговорност дека на адвокатот на кој му било познато дека постои висока веројатност за губење на спорот и при тоа не постапил со должно внимание, кога на странката не и` укажал дека постои висока веројатност за губење на спорот, туку само назначил дека постои можност за губење на спорот

# Англиското право

Карактеристично е дека е предвиден стандардот на просечен стручњак.

Новата англиска практика укажува на должноста на адвокатот пред судот да го докаже своето внимателно однесување.

Овој стандард е вообичаен во континенталните правни поредоци каде е прифатен стандардот на претпоставена вина, но релативно е нов во

# Американското право

Пред американските судови се инсистира на стандардот на внимание на просечен разумен адвокат.

Во согласност со утврдените судски методи за процена на однесувањето на адвокатот,  се земаат во предвид сериозноста на штетните последици и трошоците за преземање на мерки за спречување на штетните последици, каде преовладува односот на рационален избор, при тоа имајќи го во предвид тоа како поимот на вина во англосаксонското право одстапува од класичниот поим на вина кој постои во европското континентално право

Како пример за американските судови е да ја признаат и препознаат одговорноста на адвокатот кој пропуштил да ја предупреди странката за правото на жалба, под услов таквата жалба да довела до позитивен исход за странката

# Граѓанско – правна одговорност на адвокатот

При утврдувањето на основните карактеристики на граѓанско - правната одговорност на адвокатот кај нас за сторена штета при вршењето на адвокатската дејност, покрај одредбите содржани во ЗОО се применуваат и одредбите содржани во ЗА.

Граѓанската одговорност во рамките на облигационен однос кој настанува помеѓу адвокатот и клиентот како резултат на сторена штета е во корелација со правото на оштетената страна, а тоа е клиентот да бара надомест на штета, односно обврската на лицето одговорно за сторената штета истата да ја надомести

# Претпоставка за настанување на одговорност

Постоењето на страни, односно да постојат субјекти на штетата.

Како штетник се јавува адвокатот но, покрај адвокатот, како страна на штетник исто така можат да се појават и адвокатскиот стручен соработник и адвокатскиот приправник со оглед да тие вршат определени работи од адвокатската дејност што ќе им ги довери адвокатот.

Како страна на оштетен се јавува клиентот како и трети лица кои ќе претрпат одредена штета поради вршењето на адвокатската професија.

# За граѓанско – правна одговорност на адвокатот за сторена штета потребно е да се исполнат следниве четири претпоставки:

-Штетно дејствие

-Постоење на штета

- Каузалитет помеѓу штетното дејствие и настанатата штета

- -Постоење на вина кај штетникот.

Штетно дејствие се смета секое нестручно и несовесно вршење на адвокатската должност, дејствие со кое не е зачуван угледот на адвокатурата.

Адвокатите се одговорни за стручното и совесното вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата.

# Како штетни дејствија се сметаат :

Неизвршување или очигледно несовесно вршење на работите на правна помош и вршење на јавни овластувања

Непостапување по овластувањето како и непреземањето на дејствија што адвокатот е должен да ги превземе во заштитата на правата и интересите на странката

Потешката повреда воедно може да претставува и штетно дејствие во однос на одговорноста на адвокатот за сторена штета на клиентот или трето лице.

Штетното дејствие или професионалната грешка на адвокатот може да претставува одредено сторување, пропуштање да стори нешто, но и погрешно преземање на одредени дејствија.

Адвокатот според нашето законодавство не смее да го одбие ангажманот без некоја оправдана причина.

Одбивање давање на правна помош или вршење на јавни овластувања може да е од оправдани причини, како:

-преоптовареност во работењето,

- незначителни изгледи за успехот за предметот,

-неспособност на странката да ги плати трошоците и наградата,

-неодговорен парничар

Согласно правилото 2 од Кодексот за професионална етика на адвокатите во РСМ е регулирано прашањето во случај адвокатот да реши да го прекине застапувањето или давањето на правна помош, тоа мора да го стори на начин што ќе ја минимизира штетата која би настанала поради неговата одлука.

Адвокатот одговара лично за своите дејствија, но постои и одговорност на работодавец, кога тој одговара за работата на приправниците и другите лица вработени во адвокатското друштво.

Во правната теорија граѓанско-правната одговорност на адвокатот се заснова на вина.

Во споредбеното право и во нашето право е прифатена претпоставената вина.

Претпоставената вина треба да се докаже и истата ќе произведе дејство само доколку се докаже дека е сторено штетно дејствие, односно професионална грешка и дека тоа е причина за настанување на штетата.

Адвокатот може да ја побива својата вина.

Кај претпоставената вина се смета дека лицето од кое се бара надомест за сторена штета е виновно додека не го докаже спротивното.

Одговорноста за штета што произлегува од членот 37-а од ЗА е субјективна, односно заснована на вина за незаконско спроведување на дејствијата и неисполнување на должностите, кои ги имаат врз основа на закон.

Вината кај професионалната одговорност постои кога штетникот ја причинил штетата намерно  или од невнимание.

Професионалната грешка е сторена со намера кога адвокатот знаел за последицата која може да произлезе од неговото постапување или кога ја прифатил како таква. Повеќето повреди на професионалното однесување се засновани на невнимателно и несовесно почитување на професионалните обврски кон клиентите.

Во нашето право со примена на општите правила може да се заклучи дека одговорноста настанува во случај на обично невнимание, односно однесување спротивно на правниот стандард “добар стручњак“.

Кај адвокатот ќе постои одговорност и кога штетата ја причинил  со крајно невнимание или намера.

Единствено разлика ќе постои во однос на докажувањето, односно претпоставувањето на вината бидејќи според општата теорија на отштетното право обичното невнимание се претпоставува, а намерата и крајното невнимание ги докажува оштетениот.

Настанувањето на штетата претставува следниот услов кој треба да биде исполнет за да има одговорност.

Причинувањето на штета како последица на адвокатска грешка која ќе ја претрпи клиентот може да доведе до настапување на граѓанска и кривична одговорност, додека пак прашањето на настапување на дисциплинска одговорност се поведува и кога штетата не настапила.

# Постоење причинска врска

Последниот услов кој треба да се исполни за да постои одговорност за штета претставува каузалитетот, односно релевантна причинска врска која настанува помеѓу штетното дејствие и штетата.

Потребно е постоење на причинска врска помеѓу штетното дејствие преземено од адвкатот и причинетата штета на клиентот како корисник на професионалните услуги.

Клиентот  треба да докаже дека претрпел одредена штета поради адвокатската грешка , што во праксата не е лесно.

Тие треба да докажат дека постои каузална врска.

# По тужба за надомест на штета **судијата** одлучува за:

-Постоењето на повреда на службената должност

-Износот на штетата кој се темели врз таквата повреда.

Ако клиентот претрпел штета се утврдува:

-Што точно требало да стори адвокатот?

-Дали со тоа би се спречила штетата што сега е побарана?

-Дали клиентот добил помалку отколку што би добил при правилно постапување од страна на адвокатот?

Кога одлучува за адвокатска грешка судот во постапката за надомест на штета ќе донесе пресуда по сопствено убедување и со примена на правните правила.

Клиентот мора да докаже дека постои повреда на должноста

- Која задача ја доделил?
- Дали адвокатот погрешно постапувал?
- Дали грешката била во опсегот на задачата?

**Застареност на побарувањето на надомест на причинета штета**

- ***Субјективен рок на застареност***: побарувањето на надомест на причинета штета застарува за три години од кога оштетеникот дознал за штетата и за лицето кое ја сторило штетата.
- ***Објективен рок на застареност***: во секој случај ова побарување застарува за пет години од кога настанала штетата
- ***Кога штетата е причинета со кривично дело:*** кога штетата е причинета со кривично дело, а за кривично гонење е предвиден подолг рок на застареност, барањето за надомест на штета спрема одговорното лице застарува кога ќе измине времето определено за застареност на кривичното гонење.

Активности и должности кои ги извршува адвокатот при вршење на својата професионална дејност, значи постоење на ризик за причинување на штета при пружањето на правната помош на своите клиенти .

Затоа се појавува и потребата за осигурување од одговорност на адвокатот, кој има карактер на договор за обештетување, во законодавствата го среќаваме како задолжително осигурување од одговорност на адвокатот.

Во нашето право адвокатот има обврска да се осигура од граѓанско – правна одговорност за штета која би ја сторил на трети лица  при вршење на својата дејност.

**Член 38 од Законот за адвокатура**

Адвокатот е должен да се осигура од одговорноста за штета која би ја сторил на трети лица при вршење на адвокатската дејност.

Најнискиот износ на осигурување за кој адвокатот е должен да склучи договор за осигурување, изнесува 10.000 евра.

Најнискиот износ на осигурување на кој адвокатското друштво е должно да склучи договор за осигурување од одговорност за штета изнесува 50.000 евра.

Адвокатите пред започнување со вршењето на адвокатската дејност се должни да достават доказ за осигурување од одговорност за штета.

**Во Германија законска обврска за осигурување од професионална одговорност е 250.000 EUR**

# Цел на Осигурувањето

Првата цел, се состои во заштита на оштетениот која е својствена за сите видови на задолжително осигурување од одговорност.

Оштетеното лице во случај да претрпи штета поради адвокатска грешка, ќе му биде надоместена штетата од осигурувањето без оглед на финансиската состојба во која се наоѓа адвокатот.

Осигурувањето од одговорност на адвокатот му овозможува на оштетениот да му биде надоместена штетата причинета поради пропусти и грешки на адвокатот, на брз и сигурен начин без одолговлекување.

Втората цел се состои во заштита на адвокатот кој поради сторени грешки и пропусти во своето работење би можел да има големи финансиски последици, па дури и да го загрози своето постоење.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТИ

Предмет на осигурување е законската одговорност на адвокатот за причинети штети при вршење на адвокатската дејност согласно ЗА за времетраење на осигурување

Со осигурувањето, законската одговорност на адвокатот е покриена за штети кои ќе настанат и кои ќе ги пријават за времетраење на осигурувањето, а кои ќе настанат како последица од непредвидлив, неочекуван и непознат штетен настан во вид на пропуст или грешка или небрежност при вршењето на адвокатската дејност.

Со осигурувањето не се опфаќа одговорност за штета која е предизвикана со дејствија преземени со намера, измама или грубо невнимание од страна на адвокатот.

За осигурен случај се смета законската одговорност на адвокатот за пропуст или грешка во време на адвокатската служба(застапување пред суд) со што е предизвикана штета, додека трае осигурувањето

Се смета дека осигурениот случај настанал оној момент кога се остварил штетниот настан

# ЗАКЛУЧОК

Граѓанско правната одговорност на адвокатите е одговорност поради незаконито постапување или непочитување на правилата кои важат во адвокатурата од што може да произлезе нанесување на штети на клиентите.

Постои недостигот на општи и посебни правила кои ќе ја уредат на подетален начин и сеопфатно граѓанско-правната одговорност на адвокатите.

Во нашето право посебните правни правила кои се однесуваат на одговорноста за сторена штета на адвокатите, ги среќаваме во рамки на законот, но тоа уредување не е детално и сеопфатно, што ја наметнува потребата за развој на истите.

# ЗАКЛУЧОК

Ова укажува на заклучокот дека соодветното уредување на прописите со кои е уредена одговорноста на адвокатот воедно ја подобрува и правната сигурност на граѓаните.

Правна сигурност  произлегува од една страна за заштита на јавниот интерес преку институтот на директна тужба и заштита на оштетеното лице, а од друга страна, финансиска заштита на адвокатот.

Адвокатите се одговорни за стручно и совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата и од нив се очекува  да постапуваат според стандардот „внимание на добар стручњак“  за да се избегнат евентуалните штетни последици од невнимателното однесување, а со тоа и нанесување на штета на странките  при вршењето на дејноста..

Адвокатот не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење при давањето правна помош и вршењето на јавни овластувања.

Адвокатот има обврска постојано стручно да се усовршува за време на траењето на адвокатската дејност.

Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

Адвокатурата е уставно загарантирана категорија и има неоспорно важна улога во секое демократско општество, но и централна улога во правосудниот систем, што е појдовна точка на Новиот закон за адвокатура
(Сл.Весник бр. 199 од 25.09.2023).

Основна цел на Законот е јакнење на адвокатската професија, на нејзината улога во правниот систем, зголемување и враќање на обемот на работа на адвокатите и јакнење на угледот на адвокатурата.

# СУДСКА ПРАКСА

**Рев2.бр.9/2018**
**Рев1.бр.181/2018**
**ТСЖ-242/23**

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Повелете со прашања

